Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
ОКСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08 – 396/4
Датум: 18.06.2024

По претставката бр. 08 - 396/1 од 07.05.2024 година, поднесена од [redacted], за заштита од дискриминација кон група жители Роми на општина Штип врз интерсекциска основа на раса, етничка припадност и социјално потекло, во обласста на домување, против Општина Штип, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 27, став 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) го донесе следниот

# ЗАКЛУЧОК
## за неповедување на постапка

**НЕ СЕ ПОВЕДУВА ПОСТАПКА** по претставката бр. 08 - 396/1 од 07.05.2024 година, поднесена од [redacted] за сторена дискриминација врз интерсекциска основа на раса, етничка припадност и социјално потекло, во областа на домување, од страна на Општина Штип кон група жители Роми од Штип.

## Образложение

На 07.05.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка од [redacted], за заштита од дискриминација кон група ромски семејства кои живеат во напуштена зграда од болницата во Штип, врз интерсекциска основа на раса, етничка припадност и социјално потекло, во областа на домување, од страна на Општина Штип.

Со претставката е опфатен проблемот на домување на жители на Штип со кој десетици години се соочуваат. Со конкретниот проблем се вели дека е засегната група од 25 жители од ромска етничка припадност, која е сочинета од пет многудетни семејства, вклучително и една жена со попреченост. Опфатените жители (семејства) живеат во дворот на старото нервно одделение на дисперзирана напуштена зграда од поранешна болница во Штип, која се наоѓа на адреса ул. Партизанска 6.6, што всушност претставува централниот дел од градот. Се наведува дека засегнатите се неформално приклучени кон водоводна и електрична мрежа, бидејќи живеат во импровизирани живеалишта. Како и дека немаат легален пристап до овие основни сервиси. Сите семејства се приматели на социјална помош која изнесува во просек околу 6.000 ден месечен приход. Во продолжение на претставката се наведува дека членовите на овие семејства работат како собирачи на пластични шишиња и дека сите посочени семејства се регистрирани како бездомници, а имаат лични карти со адреса во Штип. По одржана средба на терен со локалните жители, претставниците од [redacted] увиделе дека местото каде овие луѓе живеат е вистинска депонија. Во таа област имало

расфрлан отпад, пластични шишиња и руинирани објекти. Се појаснува дека конкретното место во минатото било дом на 47 фамилии, а денес на само 5 фамилии. Во претставката се истакнува: *„На 18.01.2021 во медиумите циркулираше информација дека општината Штип изготви проект за изградба на 47 типски куќи за бездомни семејства. Средствата се обезбедени преку ИПА - фондовите во вредност од околу 900.000 евра. Иако медиумски оваа информација беше објавена како прекрасна идеја и проект во реализација на општина Штип, до денес (Мај 2024) ниту едно од овие куќи не се изградени па така и ниту едно од засегнати семејства не е вдомено /вселено."*

Поради тоа што Општина Штип изготвила проект финансиран од ИПА фондовите, чија основна цел била вдомување на посочените жители, и покрај тоа што постоеле услови и можности, општината не постапила согласно своите надлежности, поради што подносителите сметаат дека истата нееднакво постапила кон посочената група жители и како резултат на тоа, тие не добиле дом – типска куќа. Врз основа на наведеното подносителите сметаат дека Општина Штип извршила дискриминација врз поголема група граѓани од ромска етничка припадност.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација констатираше дека за истата правна работа веќе има постапувано и донесено Мислење со кое не се утврдува дискриминација, од причина што првичноподнесената претставка беше преуранета. Односно, во моментот на носење на Мислењето со бр. 08 – 348 од 30.08.2022 година сè уште траеше рокот за завршување на проектот, предвиден со Договорот за донација. Имајќи го предвид наведеното, како и фактот дека наведениот рок од Договорот во моментот на поднесување на претставката со бр. 08 – 396/1 од 07.05.2024 година беше изминат, Комисијата заради утврдување на фактичката состојба на 13.05.2024 година испрати Барање за произнесување до Општина Штип. Оттаму ги побара и следните информации:

- Дали Општина Штип согласно условите предвидени во Договорот за донација го има завршено проектот за изградба на типските куќи наменети за загрозените ромски семејства и
- Доколку одговорот е негативен, побара образложение на причините поради кои истиот не е реализиран.

Дополнително, од Општина Штип беа побарани докази за потврда на тврдњата.

На 05.06.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, во законски предвидениот рок беше доставен поднесок за произнесување по наводите од претставката од Општина Штип. Во поднесокот известуваат дека времетраењето за имплементација на проектот е продолжен со Адендум 1 до 01.11.2024 година. Воедно, наведуваат дека во меѓувреме Општина Штип има добиено Одобрение за градење УП 1 бр. 18/23 – 209 од 05.03.2024 година. Во прилог на поднесокот за произнесување беа доставени двата наведени акти.

Врз основа на наведеното, а имајќи предвид дека Комисијата има постапувано за истата правна работа, се констатира дека не постојат нови факти и околности кои ја менуваат околноста која е ценета и со Мислењето бр. 08 – 348 од 30.08.2022 година, односно дека претставката е преуранета. Во таков случај, согласно **член 27, став 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата носи заклучок за неповедување на постапката за претставка за која веќе постапувала, а не се понудени нови факти и околности и за тоа го известува подносителот.**

Согласно наведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на овој Заклучок и не поведе постапка по претставката 08 - 396/1 од 07.05.2024 година.

Скопје
18.06.2024 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател
Игор Јадровски